Уп. бр. 08- 56

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од Принжорн Холдинг ГмбХ, со регистрирано седиште на Лембокгасе 21-25, 1230 Виена, Австрија, доставено преку Адвокатско друштво Апостолска и партнери од Скопје, на седницата одржана на ден 17.07.2019 година, го донесе следното

## Р Е Ш Е Н И Е

Се утврдува дека концентрацијата со која Принжорн Холдинг ГмбХ, со регистрирано седиште на Лембокгасе 21-25, 1230 Виена, Австрија ќе стекне контрола над ДОО „СФТ Групп“, со седиште на Переулок Трубниковскиј 13, Москва, 121069, Русија, преку купопдоражба на удели, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

## **О б р а з л о ж е н и е**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот) на ден 29.05.2019 година, а дополнето на 10.06.2019 година, и на 26.06.2019 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) беше доставено известување за концентрација од Принжорн Холдинг ГмбХ, со регистрирано седиште на Лембокгасе 21-25, 1230 Виена, Австрија, со која Принжорн Холдинг ГмбХ има намера, преку стекнување на удели, да стекне контрола над ДОО „СФТ Групп“, со седиште на Переулок Трубниковскиј 13, Москва, 121069, Русија.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополната и прилозите кон истите го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

**Принжорн Холдинг ГмбХ** врши производство на материјали од брановиден картон за кутии („картонски кутии“), плочи од брановиден картон и кутии од брановиден картон, собирање и снабдување со отпад од хартија.

Принжорн Холдинг ГмбХ нема регистрирано присуство (регистрирано друштво/подружница) во Република Северна Македонија и е присутен во Република Северна Македонија со материјали од брановиден картон за кутии („картонски кутии“), плочи од брановиден картон и кутии од брановиден картон, собирање и снабдување со отпад од хартија само во незначителен обем.

**ДОО „СФТ Групп“** е приватна компанија чија приоритетна дејност е производство и набавка на плочи од брановиден картон и кутии (вклучувајќи но не ограничувајќи на рециклиран флутинг (*fluting)* и тестлинер (*testliner*)), како и собирање и рециклирање на тврд отпад (вклучувајќи и хартија за рециклирање), во Руската Федерација и офсет печатењеи хартиена потрошувачка амбалажа.

ДОО „СФТ Групп“ нема регистрирано присуство (регистрирано друштво/подружница) во Република Северна Македонија, ниту пак остварува било каков промет на релевантниот пазар во Република Северна Македонија.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Д-р Владимир Наумовски**